МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Едукативен престој во Клинички Центар, Белград, Република Србија Оддел Епилепсии

ЈЗУ ГОБ 8 ми Септември , Скопје

Ноември– Декември 2016

Др. Марија Перовска
Спец.Невролог

www.moh.gov.mk

КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Клиниката за Неврологија ги поседува најеминентните клинички невролози во Србија и претставува како едукативен така и научно истражувачки центар под раководство на Проф. Др. Драгослав Сокич

Одделот епилепсии згрижува главно адултни пациенти во цел контрола на нападите и подобрување на квалитетот на живот

Мојот престој на одделот епилепсии од 27.11-23.12.16 беше под менторство на Проф.Др.Драгослав Сокич . Во 08 часот течеа подготовките за утринска визита и проверка на пациентите од страна на специјализантите
Утринската визита почнуваше обично околу 9-10 часот, се проследуваа болничките ЕЕГ-на на видеобим, се презентираа од страна на специјализантите сите хоспитализирани пациенти и се дискутираа, а потоа се поминуваше на визита
Работното време завршуваше во 15 часот. Дотогаш ги проследувавме со докторите болничките ЕЕГ-на пошто следеше дискусија

Одделот за епилепсии е дел од Клиниката за Неврологија која брои 7 оддели и ургентен центар

Во просек се хоспитализираат од 12-15 пациенти , одделот брои 5 болнички соби, дополнително две соби за телеметрија (неколкудневно континуирано ЕЕГ снимање со видеонадзор), една соба стандардно ЕЕГ со видеокамера , една соба за полисомнографија

На одделот работат тројца специјалисти (професор, доцент, асистент),5 специјализанти, 6 сестри, 5 ЕЕГ техничари

Reader - [Ristovic, Jovan - upisuje lekar - 12/1/2016 (Read Only)]

File Edit View Navigate Protocol Format Tools Workspace Window Help

Events

1 x | As Recorded | 15 secs/scree | 19 | 70 µV/cm | 70 Hz | 1.600 Hz

00:00:00 | 00:05:00 | 00:10:00

Fp2-F8
F8-T4
T4-T6
T6-O2
Fp1-F7
F7-T3
T3-T5
T5-O1
Fp2-F4
F4-C4
C4-P4
P4-O2
Fp1-F3
F3-C3
C3-P3
P3-O1
Fz-Cz
Cz-Pz
ECG-Bipolar

9:48:15 AM 01LongBip, 15 secs/screen, 70 µV/cm, 70.0 Hz, 1.600 Hz, 50 Hz

Главно се хоспитализираат пациенти со рефрактерна форма на епилепсија кои се на политерапија и високи дози антиепилептици

Се примаат во цел ревидирање на терапијата како и за телеметрија пришто се намалува дозата на лековите за да се предизвикаат и класифицираат нападите со претходна согласност на пациентот.Се одредува типот и фокусот на нападот

Проследив ГТКН, атонични,парцијални комплексни, парцијални напади со видни, психички, автономни симптоми

Клиниката поседува стандардно 19 канално ЕЕГ кое опфаќа снимање од 20 минути и тоа првично проба на отварање и затварање на очите, хипервентилација 5 минути, 2 минути следење, повторно отворање на затварање на очите, фотостимулација од 2 до 30 херци, повторно следење 2 мин, отворање затворање на очите

ЕЕГ депривацијата се работи еден час

Одделот поседува и полисомнографија

Секој вторник се состанува епилептички конзилиум составен од епилептолог, неврорадиолог, невропсихијатар, неврохирург, специјалист по нуклеарна медицина

Се дискутираат и евалуираат кандидати за оперативен третман. Истите се додиференцираат според клиничката слика, МР мозок, ПЕТ скен, невропсихолошки тестирања за понатамошно упатување на оперативен третман

Одделот Епилепсии топло го препорачувам како едукативен центар и можност за проширување на видиците